ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА
NDËRMARRJE PUBLIKE
RADIODIFUZIONI NACIONAL
Бр.-Nr. 02 - 972/4
10. 08 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# И З В Е Ш Т А Ј

## за работењето во период од 01.10 до 31.12.2019 година

Скопје. Август 2020 година

Со работењето во четвртиот квартал од 2019 година НРД СКОПЈЕ евидентираше позитивен финансиски резултат - добивка од редовно работење во износ од 30,064,833,00 денари, како разлика помеѓу реализираните вкупни приходи и расходи.

Во текот на периодот остварен е вкупен приход во износ од 75,138,159,00 денари. Вкупните расходи во истиот период изнесувале 45,073,326,00 денари.

Анализата на условите за работење во четвртиот квартал, остварените приходи, реализираните расходи, основите за настанатите трошоци и на можностите за нивно редуцирање укажуваат на следното:

ЈП НРД СКОПЈЕ во анализираниот период од двата основни извори на приходи од кои се финансира работењето евидентирала приход во износ од 62,566,136,00 денари, од кои 93,50% отпаѓаат на приходи од буџет- субвенции за финансирање на радиодифузната дејност.

ЈП НРД СКОПЈЕ во четвртиот квартал од 2019 година од истите извори на приходи ( субвенции за финансирање на радиодифузната дејност и закупнини ) реализира приход во рамки на проектираниот приход за годината.

## ВКУПНИ ПРИХОДИ

Во текот на периодот четврти квартал од 2019 година НРД СКОПЈЕ реализира вкупни приходи во висина од 75,138,159,00 денари

Споредени со проекцијата за 2019 година вкупните приходи се реализирани со 87,20%. Вкупните приходи потекнуваат од повеќе, различни извори, реализирани делумно како наплатени средства, но во дел се фактурирани, односно евидентно прикажани.

## 1/1 ПРИХОД ОД СУБВЕНЦИИ преку МИОА

Во текот на четвртиот квартал од 2019 година НРД СКОПЈЕ евидентира приходи по основ на субвенции за финансирање на радиодифузната дејност во износ од 58,500,000,00 денари. Споредено со планираните приходи на годишно ниво истите се реализирани со 25,00%.

## 1/2 ПРИХОДИ ОД ДРУГИ ИЗВОРИ

Од други извори на приходи во текот на четвртиот квартал од 2019 година реализирани се вкупни приходи во износ од 16,638,1584,00 денари, во дел како ликвиден прилив на средства, но во значителен дел како пресметан, фактуриран или евидентиран приход.

По основ на закуп на специфичен деловен простор фактуриран е износ 4,047,220,00 денари што е значително пониско во споредба со искажаниот податок во истиот период од 2018 година.

Сметководствено се искажани приходи со одложено признавање за набавената

опрема од Проектот ДВБ-Т. По овој основ евидентиран е приход во износ од 1,453,952,00 денари.
НРД СКОПЈЕ во текот на четвртиот квартал од 2019 година по основ на наплатена камата на трансакциската сметка на која се водат денарските депозити во Прокредит банка АД Скопје оствари приход во износ од 471,400,00 денари.

## ВКУПНИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Во функција на извршување на севкупните активности на ЈП НРД СКОПЈЕ во текот на четвртиот квартал од 2019 година направени се расходи во износ од 41,979,723,00 денари.
Споредени со планираните, расходите во текот на четвртиот квартал од 2019 година се реализирани со 13,59%.

| | Група трошоци | X-XII 2019 год. | Финансов План | X-XII 2018 год. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | *Трош. за суровини.материјали.енергија. рез. дел* | *39,10%* | 28.66% | 18,20% |
| 2 | *Трошоци за услуги од тековни потреби* | *8,24%* | 11.60% | *9,08%* |
| 3 | *Плати и надомести од плата* | *36.22%* | 24.99% | *29,88%* |
| 4 | *Трошоци за амортизација* | *6,04%* | 22.15% | *19,50%* |
| 5 | *Останати трошоци од работењето* | *15,09%* | 12.20% | *15,71%* |
| 6 | *Вредносно усогласување* | *6,35%* | 0,00% | *7,19%* |
| 7 | *Останати расходи од работењето* | *0.94%* | 0.36% | *0.42%* |
| 8 | *Финансиски расходи* | *0.08%* | 0.00% | *0.02%* |
| | ВКУПНО | 100,00% | 100,00% | 100,00% |

### 2/1 ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ, МАТЕРИЈАЛИ И РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ

Анализата на вкупните расходи потврдува дека расходите од групата Трошоци за суровини, материјали, енергија, резервни делови, се остварени под очекуваната динамика, што е логично со оглед на реалните потреби и реалната динамика на реализација на зафатите во мрежата.

Групата трошоци за суровини, материјали, енергија. резервни делови и ситен инвентар опфаќа мошне значајна категорија на расходи во извршувањето на дејноста на НРД СКОПЈЕ. Тоа се расходи кои учествуваат во значителен сооднос во вкупните расходи на работењето на НРД СКОПЈЕ. Во анализираниот период од 2019 година реализирани се во износ од 17.624.393.00 денари, за 71.08% пониско во однос на проектираните со Годишната Програма за работа и развој за 2019 година.

Трошоците за суровини, материјали, енергија, резервни делови ангажираат 39,10% од вкупните расходи.

*401* <u>*Трошоци за материјали*</u> - Вкупната реализација на целата група изнесува 474.883,00 денари. Во однос на планот реализирана е со 94.98%,.

*403* <u>*Трошоци за енергија*</u> ( гориво, електрична енергија и трошоци за затоплување на простор ) - трошокот

е во функција на технолошкиот процес и одржувањето на системите. Вкупниот трошок од 10.870.369,00 денари по овој основ претставува за 62.48% повисока реализација во однос на истата од референтниот период 2018 година ) и 15,99% реализација во однос на планираното со Програмата за работа и развој за 2019 година.

405 *Трошоци за резервни дволови и материјали за сервисирање* - по основ на резервни делови и материјали за сервисирање ( електричен и технички материјал и материјали за поправка и одржување ) во текот на четвртиот квартал потрошени се 5,047,875,00 денари. Во однос на реализацијата од 2018 година трошокот е повисок за 2,179,29%, а 15,92% од планираното. Ниската реализација во однос на планираното значи дека потребата од користење на ваквите материјали е актуализирана и реално се очекува трошокот да се зголемува и во наредните периоди.

## 2/2 ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ ОД ТЕКОВНИ ПОТРЕБИ

Групата Трошоци за услуги од тековни потреби опфаќа позиции кои се значајни за обавување на тековните функции на НРД СКОПЈЕ ( транспортни услуги, поштенски и телефонски услуги, услуги на заштита и одржување, наеми, комунални и останати услуги ). Во текот на четвртиот квартал од 2019 година ЈП НРД СКОПЈЕ бележи вкупен трошок на групата од 3,714,932,00 денари. Споредено со проектираните потрошени се 10,37%. Споредено пак со референтниот период реализацијата е повисока за 2,22%. Трошокот за услуги од тековни потреби ангажира 8,24% од вкупните расходи на НРД СКОПЈЕ.

| | План 2019 | Реализација 2019 01.10-31,12.2019 | Структура 2019 | Реализација 2018 01.10-31,12,2018 | Структура 2018 | 2019/2018 | plan/ostvar 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ | 2,610,000 | 50,487 | 1,36 | 52,126 | 1,43 | -3,14 | 1,93 |
| ПОШТЕНСКИ ТЕЛЕФОНСКИ И ИНТЕРНЕТ УСЛУГИ | 1,245,000 | 268,983 | 7,24 | 249,245 | 6,86 | 7,92 | 21,61 |
| УСЛУГИ ЗА ЗАШТИТА И ОДРЖУВАЊЕ | 27,687,000 | 1,591,609 | 42,84 | 1,764,951 | 48,56 | -9,82 | 5,75 |
| НАЕМНИНИ -ЛИЗИНГ | 2,500,000 | 1,198,898 | 32,27 | 880,370 | 24,22 | 36,18 | 47,96 |
| КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 1,255,000 | 220,510 | 5,94 | 588,634 | 16,20 | -62,54 | 17,57 |
| ОСТАНАТИ УСЛУГИ | 543,000 | 384,445 | 10,35 | 99,033 | 2,72 | 288,20 | 70,80 |
| | 35,840,000 | 3,714,932 | 100.00 | 3,634,359 | 100.00 | | |

410 *Транспортни услуги* - трошокот од 50,487,00 денари претставува 3,14% пониска реализација од истата во референтниот период.

411 Поштенски телефонски и интернет услуги се реализирани во вкупен износ од 268,983,00 денари. Трошокот е релизиран за 7,92% повисоко во однос на референтниот период.

413. Услуги за заштита и одржување- на позицијата 413 се еоидентираат услугите нз одржување на компјутерите. копир апаратите. телефонската централа софтверските пакети со кои НРД СКОПЈЕ располага, веб страницата, возилата на возниот ларк. поправки на инструменти и уреди, како и услугите за обезбедување на имот. Трошокот од 1,591,609,00 денари претставува пониска реализација од истата во референтниот период за 9,82%, а драстични пониско во однос на планот.

*414 Наем - лизинг* - НРД СКОПЈЕ раслолага со простор на повеќе локации На дел од локациите каде нема сопствени објекти за сместување на олрема користи простор под наем. Такви се локациите на Водно (ФПСМ Федерација на планинарски спортови на Македонија ), Љубаш - Кавадарци ( РА Кавадарци ), Трескавец ( Манастир Св Богородица ) . Коњско ( приватен имот ), Македонска Каменица, Пожар и за истите плаќа соодветен надоместок. Вкупниот износ на наем-закуп и колокација за четвртиот квартал од 2019 година изнесува 1,198,898,00 денари. Во однос на реализацијата од 2018 година трошокот во 2019 е реализиран за 36,18% повисоко.

415 Комунални услуги - Вкупните комунални услуги се реализирзни во износ од 220,510,00 денари Споредено со референтниот период реализицијата е за 62,54% пониско.

419 Останати услуги - Вкупниот трошок од 384,445,00 денари претставува повисока реализација за 288,20% 'во однос на референтниот период.

### 2/3 ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ И ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Трошоците за плати, надоместоци од плата и останати трошоци во четвртиот квартал се реализирани во износ од 16,326,571,00 денари Во однос на планираните за 2019 година истите се реализирани со 21,16% додека во однос на референтниот период се повисоки за 36,21%. Целата група ангажира 36,66% од вкупните трошоци на НРД СКОПЈЕ остварени во периодот.

По основ на бруто плати и надоместоци { придонеси и персонален данок ) пресметан е вкупен износ од 16,326,571,00 денари {10,346,239,00 денари нето плата,4,991,560,00 денари персонален данок и придонеси, 52,518,00 надоместоци )

| | основ | Реализација X-XII.2019 год. | Структура % | Реализација X-XII.2018 год | Сгруктура % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | *Нето плата* | 11.121.111 | 68.12 | 8,162.389 | *68.230%* |
| 2 | *Персонален данок* | 820.089 | 5.02 | 615.845 | *5.14%* |
| 3 | *Придонвс за Пенз. инвалидско осиг.* | 2.934.218 | 17.97% | 2.122.314 | *17.74%* |
| 4 | *Придонвс за здравство* | 1.180.054 | 7.23% | 860.728 | *7.20%* |
| 5 | *Придонес за вработување* | 191.350 | 0.50% | 141.480 | *1.18%* |
| 6 | *Дополнителен придонес за здравство* | 79.749 | 0.50% | 58.964 | *0.50%* |
| | ВКУПНО | 16.326.571 | 100.00% | 12,359,809.00 | 100,00% |

Оптовареноста на платите со даноци и придонеси во текот на четвртиот квартал од 2019 година изнесува 32,54%.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Нето плата* | 11.121.111 | *68.12%* | 8.162.389 | *68.24%* |
| Придонеси и даноци | 5.205.460 | 31.88% | 3.799.331 | 31.76% |

Вкупно пресметаните нето плати во четвртиот квартал од 2019 година изнесуваат 11.121.111,00денари. Во однос на платите пресметани за 2018 година се повисоки.Просечната месечна нето плата во периодот од 2019 година изнесува 25.923,00 денари, наспроти просечната месечна нето плата пресметана во референтниот период од 2018 година, кога изнесувала 23.659,00 денари. Пресметката се однесува на просечно 143 вработени (115 во 2018 година).

## 2/4 ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА И РЕЗЕРВИРАЊА

Пресметаната амортизација на средствата со кои располага НРД СКОПЈЕ за четвртиот квартал од 2019 година изнесува (2.720.891) денари. Споредено со планираната за 2019 година пресметаната амортизација ангажира 34,85%.

Пресметаната амортизација во вкупните расходи учествува со 31.26%.. Со оглед дека најголемиот дел на активната опрема на која се пресметува амортизација е ново набавената ДВБ-Т опрема набавена со средства од Буџетот на РМ. на пресметаната амортизација на оваа опрема и се спротивставени приходи во вкупна вредност од 12,367,828,00,00 денари. Разликата до 13,124,717,00 денари претставува амортизација пресметана на опрема и возила, набавени со сопствени средства,

## 2/5 ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Вкупната вредност на останатите трошоци од работењето во текот на периодот од 2019 година изнесува 6,801,045.00 денари. Споредено со референтниот период од2018 година оваа група на расходи е повисоко реализирана за 2,66%, додека во однос на планираните за 2019 година реализирани се 24,55%. Вкупните останати трошоци од работењето учествуваат во вкупните расходи со 15,09%.

| | план2019 | реализација 10-12/2019 | Структура 2019 | реализација 10-12/2018 | Структура 2018 | реализација 2019/план 2019 | реализација 2019/2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 38,648,000 | 6,801,045 | 100.00 | 4,992,163 | 100 | 17.60 | 136.23 |
| ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА НОЌЕВАЊЕ И ПАТНИ ТРОШОЦИ | 4,835,000 | 675.569 | 9.93 | 445,901 | 0.49 | 0.67 | 4.95 |
| НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ И ПОДАРОЦИ | 180,000 | 1200 | 0.02 | 24,261 | 0.49 | 0.67 | 4.95 |
| ТРОШОЦИ ЗА НАДОМЕСТ И ДРУГИ ПРИМАЊА НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН И НАДЗОРЕН ОДБОР | 1,681,000 | 414.483 | 6.09 | 435,550 | 8.72 | 24.66 | 95.16 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА | 300,000 | 154.942 | 2.28 | 37,725 | 0.76 | 51.65 | 410.71 |
| ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 4,252,000 | 74.141 | 1.09 | 268,644 | 5.38 | 1.74 | 27.60 |
| БАНКАРСКИ УСЛУГИ И ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ | 100,000 | 24.502 | 0.36 | 15,429 | 0.31 | 24.50 | 156.80 |
| ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ ЧЛАНАРИНИ И ДР.ДАВАЧКИ | 770,000 | 104.003 | 1.53 | 108,920 | 2.19 | 13.51 | 95.49 |
| ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕТО | 26,530,000 | 5.352.205 | 78.70 | 3,655,733 | 73.23 | 20.17 | 146.41 |
| | | | | | | | |
| | 38,648,000 | 6,801,045 | 100 | 4,992,163 | 100 | | |

<u>440 Дневници за службени патувања ноќевање и патни трошоци</u> - по основ службени патувања во земјата во текот на четвртиот квартал од 2019 година реализиран е вкупен трошок од 675,569,00 денари, 151.51% повеќе во однос на реализираните во референтниот период и 13,97% во однос на планираните.

<u>442 Трошоци за надомест и др. примања на членови на управен и надзорен одбор</u> - во текот на кварталот по основ надоместоци и други примања на членовите на органите на управување и надзор пресметани се на име на месечни паушали и надоместоци вкупно 414,483,00 денари, што изнесува за 4.84% помалку во однос на истиот период 2018 година односно 24.66% во однос на годишната проекција. Разликата во вкупно исплатените износи се во рамки на планираните.

<u>444 Трошоци за репрезентација</u> – трошокот изнесува 154,942,00 денари. Споредено со планираниот трошок реализацијата ангажира 51.65% и се однесува на репрезентација за кабинетот на Директорот.

<u>445 Трошоци на осигурување</u> - групата опфака осигурување на превозните средства при регистрација, осигурување на вработените од повреди на товар на средствата на НРД СКОПЈЕ и патничко осигурување, како и осигурување на имотот објектите, фм и процесирачката опрема. Реализиран е трошок од 74,141,00 денари, за осигурување на превозните средства, што е за 72.40% пониско во однос на референтниот период. Споредено со планот реализирани се 1,74%.

<u>446 Банкарски услуги и трошоци на платен поомот</u> - вкупниот трошок на групата изнесува 24,502,00 денари и е повисок за 58.80% во однос на споредбениот податок од 2018 година, но далеку пониско од проектираниот..

<u>447 Даноци кои не зависат од резултат членарини и др</u>. трошокот од 104,003,00 денари искажан по овој основ се однесува за такса за улично осветлување и истиот е незначително повисок во однос на референтниот период за 4.51% а е во рамки на проектираниот износ за 2019 година.

<u>449. Останати трошоци од работењето</u> - по овој основ потрошени се 5,352,205,00 денари, во однос на планираните реализирани се со 20%, повисоко во однос на реализацијата во референтниот период од 2018 година за 46,41%. Позначајни позиции на кои се однесува искажаниот трошок се: адвокатски и нотарски услуги, договор за

дело, трошоци за вештачење за хеликоптерската несреќа.трошоци за стручна литература, весници, списанија.

## 2/6 ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ

Оваа група на трошоци е со реализација од 2,864,097,00 денари ангажира 6,35% од износот на вкупните трошоци на НРД СКОПЈЕ во четвртиот квартал од 2019 година. Реализацијата на оваа група на трошоци во 2019 година е за 0,54% пониска во однос на референтниот период

## 2/7 ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Оваа група на трошоци е со реализација од 344,625,00 денари ангажира 0,23% од износот на вкупните трошоци на НРД СКОПЈЕ во четвртиот квартал од 2019 годин, 149,486,00 денари на име платени судски такси за жалба за судски спорови, како и неотпишана вредност на расходувани средства по попис 2019 година.

## 2/8 ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

Во четвртиот квартал, оваа група на расходи е реализирана со износ од 38,257,00 денари, значително повисоко во однос на референтниот период од 2018 година.

## СОСТОЈБА НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА, ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ

На крајот на четвртиот квартал, ЈП НРД СКОПЈЕ има:

- парични средства во вкупен износ од 232,694,050,00 денари.
- побарувања во износ од 8,156,270,00 денари.
- обврски во износ од 44,378,738,00 денари.

## СОСТОЈБА НА КАДРИТЕ

Вкупниот број на вработени во редовен работен однос со состојба на 31,12,2019 година изнесува 141 лица. На почетокот на кварталот бројот на вработени изнесувал 141 лица. Во текот на четвртиот квартал, бројот на работно ангажирани лица е намален за 4 лица.

Просечниот број на вработени врз основа на кадровската евиденција за состојбата на бројот на вработените на крајот на месец септември изнесува 141.

*Претпријатието во анализираниот период од овој квартал ги реализира најголемиот дел од планираните тековни активности. Едновремено ЈП НРД СКОПЈЕ реализира и низа на зафати во функција на отстранување на дефекти и прекини во преносот на програмите на ЈРП МРТ кои настануваат непредвидено, но чие отстранување се реализира како приоритетна активност.*

Во текот на периодот отпочнати се подготвителните активности за реализација или се во тек на реализација повеќе постапки за јавни набавки. особено во делот на инвестиционото одржување на објекти. инфраструктура и уреди .

ЈП Национална радиодифузија
Управен Одбор
Претседател
М-р Размена Чекиќ- Ѓуровиќ